Број на Службен весник: 172/2014
Датум на објавување: 21.11.2014

Врз основа на членовите 203 и 218 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12 и 39/12), член 5 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/08 и 85/09) и член 122 од Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/06, 156/07, 17/09, 88/09, 60/10, 33/11 и 5/13), Министерството за здравство и репрезентативниот Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија, на 3 октомври 2014 година година, склучија

# АНЕКС
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Во Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/06, 156/07, 17/09, 88/09, 60/10, 33/11 и 5/13), членот 61-а се менува и гласи:

„Член 61-а

За поединечните работи односно занимања за работниците кои имаат засновано работен однос во јавните здравствени установи - универзитетски клиники и универзитетски институти и се избрани во наставнонаучни, научни и соработнички звања и имаат засновано работен однос на медицински или стоматолошки факултет, се утврдуваат коефициенти за плата започнувајќи со исплата на платата за месец февруари 2015 година, и тоа:

А) Соработнички звања (асистенти/помлади асистенти)

| | |
|---|---|
| - доктор на медицина и стоматологија | 3,568 |
| - доктор на медицина и стоматологија - магистер | 3,856 |
| - доктор на медицина и стоматологија - специјалист | 4,562 |
| - доктор на медицина и стоматологија - специјалист - магистер | 4,611 |
| - доктор на медицински и стоматолошки науки | 5,163 |

Б) Наставно-научни и научни звања

| | |
|---|---|
| - доктор на медицински и стоматолошки - научен соработник | 5,285 |
| - доктор на медицински и стоматолошки науки - доцент | 5,347 |
| - доктор на медицински и стоматолошки науки - виш научен соработник | 5,470 |
| - доктор на медицински и стоматолошки науки - вонреден професор | 5,531 |

- доктор на медицински и стоматолошки - научен советник 5,592
- доктор на медицински и стоматолошки науки - редовен професор 5,654

Усогласувањето на коефициентите од став 1 на овој член ќе се изврши во две фази почнувајќи со исплатата на платата за месец ноември 2014 до февруари 2015 година, при што ќе се применуваат следните коефициенти:

А) Соработнички звања (асистенти/помлади асистенти)

| Занимања | од ноември 2014г. до јануари 2015г. | од февруари 2015г. |
|---|---|---|
| - доктор на медицина и стоматологија | 3,280 | 3,568 |
| - доктор на медицина и стоматологија - магистер | 3,546 | 3,856 |
| - доктор на медицина и стоматологија - специјалист | 4,194 | 4,562 |
| - доктор на медицина и стоматологија - специјалист - магистер | 4,239 | 4,611 |
| - доктор на медицински и стоматолошки науки | 4,747 | 5,163 |

Б) Наставно-научни и научни звања

| Занимања | од ноември 2014г. до јануари 2015г. | од февруари 2015г. |
|---|---|---|
| - доктор на медицински и стоматолошки - научен соработник | 4,860 | 5,285 |
| - доктор на медицински и стоматолошки науки - доцент | 4,917 | 5,347 |
| - доктор на медицински и стоматолошки науки - виш научен соработник | 5,030 | 5,470 |
| - доктор на медицински и стоматолошки науки - вонреден професор | 5,085 | 5,531 |
| - доктор на медицински и стоматолошки - научен советник | 5,141 | 5,592 |
| - доктор на медицински и стоматолошки науки - редовен професор | 5,198 | 5,654 |

Коефициентите од став 1 на овој член ќе се применуваат за пресметка и исплата на основна плата за работно време од 35 часа неделно поминати во јавната здравствена установа - универзитетска клиника и универзитетски институт, согласно договорот за вработување.“

**Член 2**

По членот 61-б се додава нов член 61-в, кој гласи:

„Член 61-в

За поединечните работи односно занимања за работниците кои имаат засновано работен однос во јавните здравствени установи - универзитетски клиники и универзитетски институт, се утврдуваат коефициенти за плата започнувајќи со исплата на платата за месец февруари 2015 година, и тоа:

| | |
|---|---|
| - доктор на медицина и стоматологија - специјалист | 4,562 |
| - доктор на медицина и стоматологија - специјалист со магистратура | 4,611 |
| - доктор на медицина и стоматологија - специјалист - примариус | 4,794 |
| - доктор на медицина и стоматологија - супспецијалист | 5,007 |
| - доктор на медицински и стоматолошки науки | 5,163 |

Усогласувањето на коефициентите од став 1 на овој член ќе се изврши во две фази почнувајќи со исплатата на платата за месец ноември 2014 до февруари 2015 година, при што ќе се применуваат следните коефициенти:

| Занимања | од ноември 2014г. до јануари 2015г. | од февруари 2015г. |
|---|---|---|
| - доктор на медицина и стоматологија - специјалист | 4,194 | 4,562 |
| - доктор на медицина и стоматологија - специјалист со магистратура | 4,239 | 4.611 |
| - доктор на медицина и стоматологија - специјалист - примариус | 4,578 | 4,979 |
| - доктор на медицина и стоматологија - супспецијалист | 4,515 | 5,007 |
| - доктор на медицински и стоматолошки науки | 4,747 | 5,163 |

**Член 3**

Овој Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-79/1
3 октомври 2014 година
Скопје

Бр. 07-9494/1
3 октомври 2014 година
Скопје

Самостоен синдикат за
здравство, фармација и
социјална заштита на
Република Македонија
Претседател,
д-р **Љубиша Каранфиловски,** с.р.

Министерство
за здравство
Министер,
**Никола Тодоров,** с.р.